РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) - Скопје

ул. Тодор Александров бр. 165, П.Фах 101,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

www. iziis.ukim.edu.mk

Дата: 28.10.2025
Број: 09-2145/2

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) распишува

## КОНКУРС

### за стипендирање на студенти на трет циклус на студии во учебната 2025/2026 година

УКИМ-ИЗИИС ќе додели 2 (две) стипендии во форма на ослободување од школарина за учебната 2025/2026 година. Во ослободувањето не се вклучени трошоците на студентот кон „Школата за докторски студии“ на УКИМ.

Право на пријавување имаат сите запишани и заинтересирани студенти на трет циклус на студии на УКИМ-ИЗИИС кои ги исполнуваат следниве критериуми:

1) Да се државјани на Република Северна Македонија;
2) Да имаат поединечен успех од прв и втор циклус на студии поголем од 9.0;
3) Добитниците на релевантни награди, признанија и одликувања за успешност во студирањето ќе имаат предност при рангирањето.

За продолжување на стипендијата во наредната студиска година, студентите треба да ги имаат положено сите испити од претходната студиска година, а просечниот успех од положените испити да биде повисок од 9.0.

За студенти од социјално загрозени и ранливи категории може да се одобрат дополнителни финансиски олеснувања со цел да се олесни финансирањето на студирањето.

Конкурсот е отворен до 5.11.2025 година.

Пријавата за стипендија, заедно со следните документи, треба да се достави на адреса:

*Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје*
*ул. „Тодор Александров“ бр. 165, 1000 Скопје*

*Со назнака:*
*„Пријава за стипендија за трет циклус студии – учебна 2025/2026 година“*

Потребни документи:

1) копија од уверение за државјанство;

2) диплома и уверение со просек на студии од прв и втор циклус;

3) докази за добиени награди или признанија (доколку постојат).

Директор

Проф.Д-р Игор Ѓорѓиев